**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 12 од Законот за основање на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија *("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/04 и 81/08 ),* член 22, 23 и 248 од Законот за работни односи (*"Службен весник на Р.М." бр. 62/05 и 106/08*), Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија објавува.

# О Г Л А С

**за прием на 5 (пет) Економски промотори, на определено време, за работа во следниве земји/реони:**

Шпанија со Португалија;
Канада со Северен САД;
Катар со Обединети Арапски Емирати(Дубаи), Саудиска Арабија и Кувајт;
Турција и
САД.

Кандидатите кои ќе се јават на Огласот, треба да се државјани на РМ, да ги исполнува другите општите услови предвидени со *Законот за работни односи* и да ги исполнува следните **посебните услови**:

- Висока стручна спрема (ВСС);
- 2 години работно искуство;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Одлично познавање на официјалниот или деловниот односно еден од јазиците на земјите за која се аплицира;
- Познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- Поседување на возачка дозвола од Б-категорија
- Способност за презентација, комуникациски вештини, способност за тимска работа;
- Способност за покренување иницијатива, проактивност, работа под притисок.

**Со писмото за мотивација (cover letter) кандидатите треба да ги достават следните документи:**

- Уверение за државјанство;
- Уверение за завршена висока стручна спрема (VII/1);
- Резиме;
- Доказ за познавање на англиски јазик;
- Доказ за познавање на јазикот на говорното подрачје или деловниот јазик на земјиата или една од земјите за која кандидатот конкурира;
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- Доказ за поседување на возачка дозвола од Б-категорија.

**Опис на работни задачи:**

-Избраните кандидати ќе бидат обучени од страна на меѓународни експерти во областа на привлекување странски инвестиции, а ќе посетуваат обука и во надлежните државни институции,

- Контакт со компании во земјите на престојување,
- Презентација пред компании од релевантни индустриски сектори,
- Дистрибуција на информативен и промотивен материјал,
- Координација со вработените во Агенцијата и со кабинетот на Министерот без ресор , задолжен за привлекување на странски инвестиции;
- Учество на саеми за промоција на инвестициски можности.

**Напомена:** Предност ќе имаат оние кандидати кои што имаат работно искуство во соодветната земја или една од земјите за која конкурираат или го стекнале образованието во истата.

**Упатство за начинот на подготвување на потребната документација**, кандидатите ќе ја најдат на следниот линк:
http://www.investinmacedonia.com/download/upatstvo.pdf

**Напомена: ЈАВНИОТ ОГЛАС ТРАЕ 8 (ОСУМ) РАБОТНИ ДЕНА СМЕТАНО ОД СРЕДА 17.09.2008 ГОДИНА**.

Писмото за мотивација со потребните документи да се достават до:

**Агенција за странски инвестиции на Република Македонија**
**ул. Никола Вапцаров бр.7**
**1000 Скопје, Република Македонија.**